УДК: 341.382(410.111):341.76(436+439)”1912/1913”
323.1(=163.3):341.382(410.111)1912/1913”

Македонка Митрова
Институт за национална историја, Скопје
m.mitrova@yahoo.com

# ПРИЛОГ КОН АВСТРОУНГАРСКАТА ДИПЛОМАТИЈА НА ЛОНДОНСКАТА АМБАСАДОРСКА КОНФЕРЕНЦИЈА

*Апстракт.* – Научниот фокус на оваа статија се однесува на дипломатската активност на австроунгарската влада за време на Лондонската амбасадорска конференција одржана од 17 декември 1912 до 30 мај 1913 година. Оваа конференција била иницирана од страна на Големите сили заради нивната загриженост во однос на можното ескалирање на Балканската војна во поширок конфликт што би можел да вклучи и други земји. Виенската влада презентирала свои идеи и солуции за решавање на двете отворени балкански прашања: албанското и македонското.

*Клучни зборови.* – Австро-Унгарија, Лондонска амбасадорска конференција, албанско и македонско прашање.

Првата Балканска војна која што започнала во октомври 1912 година го канализирала вниманието на политиките на Големите сили и европското јавно мислење кон југоисточниот полуостров на Европа. Истовремено, пред Големите сили се наметнале нови стратешки проценки и прагматични политички прилагодувања. Напорите што европските сили ги вложувале истата 1912 година за надминување на кризата на Балканскиот Полуостров, станувале сè побезвредни. Големите спротивности што постоеле меѓу двата блока (Тројниот сојуз и Антантата) не можеле да бидат надминати и да доведат до некаква усогласена заедничка акција. Заради овие новонастанати балкански прилики, пред посебен политички предизвик се нашла и Австро-Унгарија. Така, последниот обид

за запазување на статус квото на Балканот претставувал предлогот на австроунгарскиот министер за надворешни работи, грофот Леополд Бертхолд. Тој во летото 1912 година предложил план за реформи во европскиот дел на Османлиската Империја, заснован на принципот на децентрализација, што, благодарејќи на бројни непрецизни термини, не наишол на одобрување од страна на останатите Големи сили. Напротив, се чини дека овој документ уште повеќе ја влошил атмосферата на Балканот и уште повеќе ги зближил балканските сојузнички, бидејќи се здобиле со впечаток дека Големите сили сакаат повторно да им го одземат решавањето на балканското прашање.

Во испреплетените комплексни настани на сојузништво, можни воени дејствија, егзодуси што би ги донела Првата балканска војна, за оваа прилика фокусот ќе биде насочен кон дипломатската активност на австроунгарската влада за време на Лондонската амбасадорска конференција одржана од 17 декември 1912 година до 30 мај 1913 година. Оваа Конференција била иницирана поради загриженоста на Големите сили дека Балканската војна може да ескалира во поширок конфликт и да вовлече и други држави. На неа, владата во Виена настапила со свои идеи и солуции во однос на решавањето на двете отворени балкански прашања: албанското и македонското.

## 1. АВСТРО-УНГАРИЈА И ПРВАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА: ПОЛИТИЧКИ АСПЕКТИ

Балканскиот сојуз настанал врз антиосманлиска основа и под менторство на руската држава. Во февруари 1912 година, бил потпишан сојузнички пакт помеѓу Србија и Бугарија, а во мај истата година сличен пакт потпишале и Грција и Бугарија. Во август 1912 година, Бугарија и Црна Гора постигнале устен договор. Балканските сојузници започнале да вршат притисок врз османлиската власт за спроведување на реформи во европскиот дел од османлиската држава. Откако Високата порта ги отфрлила ваквите иницијативи, во почетокот на октомври 1912 година, и покрај напорите на Големите сили да ја одложат, започнала Првата балканска војна.[1]

[1] Руските дипломати верувале дека со Балканскиот сојуз си создале одбранбен блок против Австро-Унгарија, и не очекувале дека овој сојуз ќе влезе во војна против османлиската држава. Токму затоа биле изненадени кога Балканскиот сојуз почнал да ја напаѓа Империјата. „Русија се обидува да закочи", забележал француски-

Случувањата на балканскиот фронт, уште во првите денови на војната, претставувале вистинско изненадување. Успехот на сојузничкото оружје бил очигледен. Српската војска за кратко време навлегла во Санџак и Косово. По решавачката Кумановска битка, таа навлегла и во Скопје, а по победите кај Прилеп и Битола, успеала да ја заземе скоро целата територија на северниот дел од Вардарската Долина. Од друга страна, на западниот српски фронт, по разбивањето на османлиските сили во Албанија, на 18 ноември 1912 година, српските војски излегле на Јадранското Море.[2]

Напоредно со успесите на српската армија, се одвивала и акцијата на црногорската војска. Тие успеале да навлезат во Васојевиќи, делови од Санџак, Косово и да го опседнат Скадар. Бугарските војски, по брзите успеси кај Лозенград, Одринско, а потоа и на линијата Лулебургас – Караагач – Бунархисар, во потполност ги разбиле османлиските војски кои се повлекле кон Чаталџа пред вратите на Цариград. Се чинело дека било прашање на денот кога бугарскиот цар Фердинанд ќе влезе во престолнината на Османлиската Империја.[3]

Армиите на Грција, како и тие на останатите сојузници, успеале за кратко време да ги истуркаат Османлиите од Епир и од дел на јужна Македонија во правец на градот Солун. Истовремено, тие го запоседнале и островот Крит. На тој начин, до крајот на ноември истата година, за неполни осум недели, целата територија од Јадранското Море до Чаталџа била заземена од сојузничките војски. Исклучок биле градовите Одрин, Скадар и Јанина.[4]

Случувањата на фронтот придонеле да се стави крај на илузиите за одржување на статус кво на Балканот кај Големите сили. Иако во почетокот ним не им било јасно дали требале да бидат санкционирани промените по реформскиот план на балканските држави или да се согласат со нивното територијално проширување, кај повеќето европски сили преовладало второто мислење, затоа што, реално, тешко било да се очекува од балканските влади да ги напуштат освоените територии. Нај-

---

от премиер Рајмонд Поенкаре, „но токму таа е онаа што го запали моторот.“ „За прв пат во историјата на Источното прашање“, забележал друг француски дипломат, „малите држави се здобија со позиција на толкава независност од Големите сили што се чувствуваат способни да дејствуваат целосно самостојно, па дури и нив да ги повлечат.“ – Мазовер 2003, 139.

[2] Донев 1988, 89.

[3] Ibidem.

[4] Ibidem.

дискутабилна била реакцијата на Австро-Унгарија кон успесите на Кралството Србија. Ова, всушност, го претставувало и клучот за решение на политичката страна на војната на Балканот.

Австроунгарската дипломатија му ставила до знаење на српскиот претседател на владата, Никола Пашиќ, дека таа стои зад принципот за зачувување на статус квото на Балканот, меѓутоа, ја вознемирувале некои пасуси од кралската прокламација во која се гледала желбата на Кралството Србија за промена на тој принцип. Во австроунгарскиот печат била спомната потребата за заклучување на меѓусебен српско-австроунгарски договор кој би ѝ олеснил на Австро-Унгарија да го промени својот став за статус кво и да не се противи кон територијалното зголемување на Кралството Србија. Истовремено, австроунгарскиот министер на надворешни работи говорел во Собранието дека Австро-Унгарија немала агресивни намери кон Балканот, меѓутоа, морала да води сметка и за своите интереси.[5]

Последните денови на октомври и првите денови на ноември од Виена до српската влада стасале сосема јасни желби за склучување на царински сојуз кој на Австро-Унгарија би ѝ овозможил и гарантирал слободен економски пат за Солун. Карактеристични биле и навестувањата кои истовремено стасале од Берлин: дека германската влада изразувала желба да се дојде до договор помеѓу Австро-Унгарија и Србија.[6]

Н. Пашиќ го одбил овој предлог на австроунгарската влада. И ова било доволно да се почуствува промена во расположението и политиката на Австро-Унгарија кон српската држава. Владиниот весник „Fremdemblatt" веднаш упатил совет на Кралството Србија да не освојува подолу од Призрен, бидејќи принципот „Балканот на Балканците", кој и Кралството Србија го прифатило, требало да важи и за Албанците. Од овој историски момент, главното мото на австроунгарската политика станало дека треба да се создаде автономна Албанија и дека Кралството Србија не можело да добие излез на море. Австро-Унгарија овие две политички прашања ги споила во една политичка синтеза. Грофот Леополд Бертхолд, австроунгарскиот министер за надворешни работи, во писмото до државниот претставник во Берлин,(од 30 октомври 1912 година), го замолил да ѝ обрне внимание на германската влада за следново: „Согласноста на австроунгарската влада за територијално проширување на соседната држава (се мисли на Србија - М. М.) може од нас да биде усло-

[5] Самарџић (ed.) 1986, док. 41, 184.
[6] Ibidem, 215. Види: Mitrović 1981, 93-130.

вено со барање на гаранција од неа, дека никогаш нема да биде непријател на Монархијата. Таа гаранција треба да претставува формален договор. Потоа, таа земја треба да биде и во економски и во политички сојуз со нас. Што се однесува до нејзините претензии на дел од Јадранското крајбрежје, ние таквите претензии категорички ги одбиваме ...“[7]

Прашањето за излезот на Кралството Србија на море и создавањето на автономна албанска државна творба, во 1912 година претставувало едно од најважните прашања врзани со војната на Балканот. Ова прашање било мошне значајно, бидејќи можело да предизвика сериозна криза во односите меѓу Големите сили. Српските претензии биле незамисливи за Австро-Унгарија, бидејќи во таков случај не само што Кралството Србија би станало наполно независно од својот северен сосед, туку и би се забило како клин на патот на Империјата кон основниот објект на нејзините експанзионистички стремежи во западниот дел од Балканот: правецот кон Солун и Албанија.[8] Ваквиот категорички став на кабинетот во Виена најенергично го поддржувале и нејзините сојузнички Италија и Германија. Имено, неделивоста на Албанија и нејзината автономност одговарала не само на интересите и на плановите на италијанскиот капитал, туку и на стратешките интереси на Италија.

И, кога се очекувало српската влада да попушти, под притисокот на силите на Тројниот сојуз, изјавата на Никола Пашиќ дадена во весникот „Times“ од 25 ноември 1912 година, дека Кралството Србија бара територија на море која излегува јужно од Драч па кон север во албанската област, било протолкувано како голема провокација. Најсериозни предупредувања до српската влада пристигнале од италијанската влада, која напоменала дека Кралството Србија премногу ризикува и „ако не се повлече (од овие барања – М. М.), тоа ризикува сè да стави на коцка.“[9]

Кризата во српско-австроунгарскиот спор, во овој период кулминирала. Иако во Виена немало некакви слични изјави по повод изјавата на Н. Пашиќ, сепак, воените подготовки на Австро-Унгарија на границата кон Кралството Србија биле доволно убедливи. За излезот од кризата, солуција нашле Големите сили. На 30 ноември 1912 година, тие упатиле барање до Н. Пашиќ со цел: желбата на Кралството Србија за излез на море да се остави за решавање во нивните раце.[10]

---

[7] Трухунов 1950, 121.
[8] Растовић 2005, 164.
[9] Види: Ђорђевић 1956.
[10] Самарџић (ed.) 1986, док. 422, 536.

## 2. АЛБАНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ФОКУСОТ НА АВСТРОУНГАРСКАТА ДИПЛОМАТИЈА

Воените мерки преземени од Австро-Унгарија во ноември 1912 година во Галиција и во Босна и Херцеговина поради српското навлегување во Албанија биле насочени не само против Србија, туку и против Русија, и само дополнително ја влошиле состојбата.[11] Очигледно балканскиот проблем можел лесно да ескалира во европска војна, а Големите сили неподготвени за пошироки воени операции сакале да го спречат тоа. За таа цел, сер Едвард Греј, британскиот министер за надворешни работи, предложил да се одржи конференција во Лондон. Во овој временски период, Л. Бертхолд, австроунгарскиот министер за надворешни работи ја дал следната изјава: „Лесно можам за 24 часа да предизвикам војна, но не сакам да го сторам тоа."[12] Можноста балканската војна да прерасне во европска претставувала реална опасност. Секако, ова и се случило во јули 1914 година.

Конференцијата на амбасадори во Лондон започнала на 17 декември, по заслуга на Велика Британија, за да го надгледуваат балканскиот мировен процес и притоа да ги заштитат интересите на Големите сили. Амбасадорската конференција во својата суштина имала за цел и да ги разреши разликите меѓу самите Големи сили, особено оние на трите земји со директни интереси на Балканот: Австро-Унгарија, Италија и Русија. Впрочем, Големите сили сакале да го заменат Берлинскиот договор (1878) со нов Лондонски договор. Затоа тие се подготвувале на Конференцијата на амбасадорско ниво во Лондон да го разрешат тогашното најкритично прашање: излезот на море на Кралството Србија, и со тоа да се ставело крај на српско-австроунгарскиот спор.[13] Прашањето за излезот на море на Кралството Србија требало да биде решено во пакет со албанското прашање, односно со создавањето на автономна Албанија и определување на нејзините граници. Амбасадорската конференција била планирана да започне со работа истовремено со Конференцијата на делегатите на балканските држави и претставниците на османлиската држава. Последнава конференција требала да се занимава со прашањето за заклучување на мирот како и да донесе одлука за останатите османлиски територии и за другите прашања кои ги продуцирала војната. Би-

[11] Хол 2014, 72.

[12] Ibidem.

[13] Растовић 2005, 172.

дејќи и двете конференции се одржувале во Лондон, британската престолнина претставувала местото каде би требало да биде дефиниран завршниот чин на Првата балканска војна. Решението било во рацете на Големите сили на Конференцијата на амбасадорите. Главна цел на оваа Конференција, што британскиот министер за надворешни работи ја окарактеризирал како неформална размена на мислења, било покрај решавањето на албанското прашање да се најде солуција и за прашањето на Егејските острови и за планината Атос. Подоцна, а како резултат на прекинот на преговорите и продолжувањето на непријателствата меѓу завојуваните држави, на дневен ред на оваа Конференција се нашло и прашањето за разграничувањето меѓу Бугарија и Османлиската Империја, како и судбината на освоените територии од страна на балканските сојузнички.

Првиот делегат на Кралството Србија на мировната конференција, Стојан Новаковиќ, на патот кон Лондон, во Париз остварил средба со францускиот премиер Рајмонд Поенкаре и со рускиот амбасадор Александар Изволски. Од обајцата добил совет на мировната конференција да не го покренува прашањето за излез на Кралството Србија на море. Р. Поенкаре и А. Изволски му сугерирале на С. Новаковиќ српската држава да го прифати решението на силите, бидејќи во спротивност Австро-Унгарија би го нападнала Кралството Србија.[14]

Австроунгарската монархија силно се спротивставувала на какво било српско проширување на Јадранското Море. Овој тесен залив на Медитеранот го претставувал единствениот поморски излез на двојната монархија во поширокиот свет. Австроунгарските односи со прекуморскиот партнер од Тројниот сојуз, Италија, во најмала рака биле проблематични. Австро-Унгарија не можела да дозволи да се појави друг проблем на источниот брег од Јадранското Море. Од перспектива на виенската влада, српското пристаниште на Јадранот всушност го третирала како руска поморска база и закана за единствениот поморски пристап на Монархијата. За да го спречи ова, австроунгарската политика била решена да создаде самостојна албанска држава.[15] Затоа австроунгарската влада одлучила дека „територијалните граници на оваа нова држава ќе бидат такви, што ќе можат да ги осигурат нејзината виталност и стабилност и доколку е можно во природните граници да бидат вклучени сите

[14] Самарџић (ed.) 1986, док. 441, 554.

[15] Австроунгарскиот проект за создавање на албанската држава започнал уште со Мирцштешкиот реформски проект во 1903 година. Види: Митрова 2012, 115-126.

Албанци што живеат на турска територија."[16] Попрецизно, австроунгарската дипломатија сакала во новата албанска држава да се вклучат градовите Скадар, Призрен и Ѓаковица. Овие места, пак, претставувале цели на српските и на црногорските аспирации.

Уште на првата средба на амбасадорите во Лондон „австроунгарскиот амбасадор изјавил дека гледиштето на неговата влада е дека Албанија би можела да биде автономна и животоспособна – што значи доволно голема за да има самостојна егзистенција. Додека рускиот амбасадор додал дека автономна Албанија ќе биде гарантирана и контролирана ексклузивно од Големите сили, под суверенитет на султанот."[17] Во овој контекст треба да се потенцира дека етничкиот принцип бил доминантен во аргументацијата на австроунгарската дипломатија за создавање на албанската држава. Австроунгарскиот министер за надворешни работи, грофот Бертхолд, јасно изјавил дека Скадар ќе ѝ припадне на Албанија врз принципот на етничко разграничување.[18] Непопустливото однесување на Србија и Црна Гора, како и решителните изјави на владата во Виена во однос на Албанија, претставувале сериозна закана за прекинување на односите меѓу Австро-Унгарија и Русија, бидејќи последнава морала да се појави како заштитник на овие две словенски држави, со што лесно можело да дојде и до престанок на работа на амбасадорската конференција.

Единствен излез од вака воспоставената напрегната состојба било изнаоѓање на компромисно решение што нема да го наруши угледот на која и да било Голема сила, а делумно ќе ги задоволи нејзините барања. Во втората половина на декември 1912 година, на Конференцијата на амбасадорите во Лондон била донесена одлука за создавање на автономна Албанија. По руската формула, која била прифатена на Конференцијата, новата држава требало на север да граничи со Црна Гора, а на југ со Грција. Со ова дефинитивно била скршена надежта на Кралството Србија за излез на море.

Најсериозната криза од војната во 1912 година била завршена, а опасноста од можна нова војна во која би влегла Австро-Унгарија отстранета. Меѓутоа, било отворено едно ново прашање: разграничувањето на новата албанска држава со Кралството Србија. Во текот на зимата 1912-1913 година и во пролетта 1913 година, амбасадорите се расправале

---

[16] Хол 2014, 73.
[17] Донев 1988, 117.
[18] Ibidem.

околу границите на новата албанска држава. Самите Албанци немале никакво влијание во процесот. И покрај тоа, на 28 ноември 1912 година албанското национално собрание во Валона прогласило независност на Албанија, под раководство на привремената влада на чело со Исмаил Кемали-бег.[19] Иако Русија, под притисок на Тројниот сојуз, многу бргу попуштила за прашањето околу територијалното излегување на Кралството Србија на море, сега околу разграничувањето на албанската држава ги застапувала српските барања.[20] Српската дипломатија развила голема активност додека траеле седниците во Лондон околу разграничувањето на новата албанска држава да не биде прифатен исклучиво австроунгарскиот проект. Имено, австроунгарскиот проект имал всушност две линии. Максималната програма била предвидена на следниот начин: границата требала да оди по планинскиот гребен меѓу Охридското и Преспанското Езеро на север, оттаму кон Призрен, Ѓаковица и Пеќ кои би влегле во албанската држава; потоа границата би поминувала јужно од Плав и Гусиње по линијата на црногорската граница до устието на реката Бојана. Кај источната граница на Албанија, австроунгарската влада мислела да биде поеластична, па затоа Пеќ, Призрен, Дебар и Ѓаковица ѝ служеле како компезациони влогови, а околу прашањето за Скадар била категорична, не го отстапувала градот на Црна Гора.[21] Српските дипломати настојувале во убедувањата кај Големите сили да докажат дека Дебар и Ѓаковица морале да останат надвор од Албанија. Аргументите им биле дека Дебар географски бил врзан со Скопје, а Ѓаковица за Призрен. „Од овие градови" – порачувал Пашиќ на 18 февруари 1913 година во Санкт Петербург – „единствено војска може да нѐ истера."[22]

Во втората половина на февруари на 1913 година, Австро-Унгарија направила отстапка изјавувајќи дека ќе се корегира во однос на Дебар, но прашањето за Ѓаковица барала да биде решено во согласност со нејзините барања.[23] Непопустливоста на Австро-Унгарија во врска со Ѓаковица ја поттикнала српската влада на понатамошно лобирање кај останатите Големи сили.[24]

---

[19] Станковић 1985, 134.

[20] Види: Војводић 1989, 149-162.

[21] Самарџић (ed.) 1986, док. 508, 622.

[22] Ibidem, док. 507, 623-624; Чубриловић (ed.) 1981, VI/1, док. 151, 163, 176.

[23] Чубриловић (ed.) 1981, VI/1, док. 188, 223.

[24] Според зборовите на Н. Пашиќ, ова прашање се однесувало „за српски краишта" како и потребата на Кралството Србија да ја добие „природната граница". Ѓаковица била колевка на „Стара Србија" и во неа имало полно историски споменици меѓу кои

Руската влада,во март 1913 година, го прифатила барањето на Австро-Унгарија, Скадар да ѝ припадне на Албанија, а за возврат последнава попуштила околу прашањето за Ѓаковица.[25] По ова австроунгарскиот амбасадор, Алберт Менсдорф, на 22 март, ги информирал амбасадорите на конференцијата, дека неговата влада се согласила Ѓаковица да остане надвор од Албанија, но, под услов да биде прифатен нејзиниот предлог за останатиот дел на северна и источна граница на Албанија, вклучувајќи го Скадар во состав на Албанија.[26] Конференцијата го прифатила овој предлог, и истиот ден била донесена дефинитивна одлука за северната и источната граница на Албанија, односно нејзината гранична линија со Србија и Црна Гора.[27] Благодарејќи на постигнатата согласност, била избегната можноста од воен судир меѓу Големите сили, а истовремено албанскиот народ се здобил со независност.

Во мај 1913 година, Големите сили ги принудиле завојуваните страни да прекинат со борбите и да преговараат за условите на мировниот договор од Лондон. Со овој договор потпишан на 30 мај била воспоставена линијата Енос – Мидија со која се ограничувале османлиските поседи во Европа, кои биле сведени на Цариград и на некои околни територии. На Бугарија ѝ било дадено Едрене; Крит, конечно ѝ бил отстапен на Грција.[28] Големиот проблем околу поделбата на Македонија останал. Тука се појавил проблем што претходно балканските сојузници воопшто и не го предвиделе. Во нивните договори тие настапувале со претпоставка дека меѓусебно ќе ја поделат албанската територија. Наместо тоа, откриле дека Големите сили инсистирале на формирање на албанската држава.

Останува интересно прашање за дебата дали Големите сили се придржувале кон етничкиот принцип и во однос на останатите народи што живееле во составот на европскиот дел од Османлиската Империја? Затоа што при формирањето на албанската држава главниот аргумент на австроунгарската дипломатија бил токму овој принцип.

---

и манастирот Дечани. Според кажувањата на Н. Пашиќ, некогаш Србите тука биле во мнозинство, но со текот на времето биле избркани или убиени. Оттука да ѝ се даде Ѓаковица на Албанија тоа би значело како да се отстапи цело Косово на Албанија. - Чубриловић (ed.) 1981, VI/1, док. 122, 176, 302.

[25] Ibidem, док. 285, 301.

[26] Ростовић 2005, 184.

[27] Чубриловић (ed.) 1981, VI/1, док. 368, 374.

[28] Види: Христов, Донев (eds.) 1994, док. 31, 176-179.

Амбасадорската конференција при поделбата на териториите внимавала да не дојде до нарушување на принципот на рамнотежа на Големите сили. Притоа таа не водела сметка за националните тенденции на балканските народи. Во овој контекст, при поделбата на територии, во извесни случаи се дошло и до реализирање на националните стремежи на деловите од српското, бугарското и грчкото население, што порано живеело во составот на Османлиската Империја, а сега се присоединило кон матичните држави, но, ова претставувало само дополнителен резултат на политиката на рамнотежа на силите, а не доследна примена на етничкиот принцип. Примерот со Македонија и македонското население ја потврдува изречената констатација.

## 3. МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ НИЗ ПРИЗМА НА АВСТРОУНГАРСКАТА ДИПЛОМАТИЈА

На Амбасадорската конференција, османлиска Македонија претставувала објект – безимена територија, т.е. територија која се третирала дека нема сопствен национален идентитет. Општата терминологија „сите територии“ не давала можност за увид во тенденциите и желбите на населението што ги населувало овие територии.[29] Влогот на силите на Конференцијата била токму османлиска Македонија. Антантата ја предала македонската земја и народот „на слободен лов“, за таа да може, на заобиколен начин, балканските држави со посредство на нивната алчност за земја да ги врзе за Антантата.[30] Единствено австроунгарската влада го покренала прашањето за статусот на Македонија. Во текот на разговорот што го имал во Форин офис, австроунгарскиот дипломат изјавил дека „неговата влада никогаш нема да ја толерира поделбата на Македонија меѓу Србија и Грција. Тој сугерирал дека најдобро решение би било автономија на Македонија, што би требало да се предложи или во Лондон или на посебна европска конференција...“.[31] Изнесувајќи го предлогов, австроунгарската влада мислела дека автономна Македонија би требало да биде неутрализирана и контролирана од страна на Големите сили. Британскиот амбасадор во Виена во оваа смисла го известил своето министерство дека „министерот за надворешни работи (се мисли на гроф Бертхолд – М. М.), исто така, со симпатии зборуваше за идејата

[29] Донев 1988, 119.

[30] Штепан 2004, 207.

[31] Донев 1988, 120.

за автономна Македонија, но под еден услов: таа провинција би била неутрализирана и контролирана од европските сили...“[32] Овој австроунгарски предлог не наишол на поткрепа од страна на останатите Големи сили. На состанокот, одржан на 24 јуни 1913 година, амбасадорите донеле одлука со која ги потврдиле одредбите со Лондонскиот мировен договор.[33] На овој начин македонското прашање конечно било симнато од дневен ред. Македонија останала поделена меѓу балканските држави.

Големите сили официјално сметале дека на територијата на османлиска Македонија најмногубројното население немало развиено национално чувство. Односно претставувало, да се изразиме со речникот на српската дипломатија, „аморфна маса“, а со самото тоа не било способно да се самоорганизира во политичка заедница, при тоа заборавајќи го слоганот прифатен и од британскиот политичар Вилијам Гледстон – „Македонија на Македонците.“[34]

Меѓутоа, како контрааргумент ќе го цитираме меморандумот од 1 март 1913 година на македонската колонија во Санкт Петербург, испратен до амбасадорската конференција во Лондон. Во меморандумот, меѓу другото, стои: „Наместо од Македонија да создадат самостојна држава, нејзините нови ослободители решиле да си ја разделат меѓу себе. Меѓутоа, Македонија ги има сите природни историски права на самоопределување... Македонската колонија во Санкт Петербург, исполнувајќи ја својата света должност пред татковината и свесно исполнувајќи ја девизата „Македонија на Македонците“, протестира и не може да остане рамнодушна, кога Сојузот на балканските држави, нашите браќа по крв и вера, се подготвуваат да ја раздробат нашата татковина...“[35] Паралелно со испраќањето на бројни вакви и слични меморандуми, македонските дејци правеле обиди за поорганизирано истапување и анимирање на меѓународното јавно мислење за остварување на националните стремежи на македонското население. Една од првите акции на македонската колонија во Санкт Петербург се однесувала на настојувањето на Македонија да ѝ се признае статус на завојувана страна во Балканската војна и како на таква да им се признае на нејзините легитимни претставници правото на преговарачи на мировната конференција. Во таа смисла тие испратиле свој полномошник во Македонија со цел да

---

[32] Ibidem.

[33] Ibidem.

[34] Пандевска 2010, 129-148.

[35] Ристески 1978, 169.

преземе мерки за избор на делегација која ќе ја претстави на конференцијата.[36]

Но, сите овие обиди биле безуспешни. Македонија за време на Првата балканска војна и по неа била под режим на воена власт, којшто не давал можност за легално истапување во интерес на македонското население. Владите на балканските држави биле свесни дека по ефектниот воен успех против османлиската држава и спремноста на Големите сили да им ја отстапат Македонија, единствена пречка што требало да се елиминира била да се спречат обидите за ширење на барањето за автономија.[37] Во тогашните услови во Македонија немало никакви можности за политичка активност во интерес на македонското население и за остварување на неговите аспирации.

Накратко, скицираната анализа на тенденцијата на македонските општественици за создавање на посебна македонска држава го поставува прашањето: зошто Големите сили се оглушиле на овие барања? И, зошто за македонската и албанската територија користеле двојни аршини? Политиката на Големите сили кон Балканот, отсекогаш била придржување на принципот статус кво. Во моментот кога одржувањето на статус квото било невозможно, тие се согласиле балканските држави да влезат во војна со османлиската држава, но под услов: рамнотежа на силите да не биде нарушена. Имено, територијата на европскиот дел од Османлиската Империја била цената што членките на Антантата требало да ја дадат за приоѓање на балканските држави кон нивниот блок. Војната се јавила како резултат на судирот на интересите на државите на Антантата со државите на Тројниот сојуз. Секој од блоковите, стремејќи се кон новата расподелба на светот, ги привлекувал кон себе владите на балканските држави со цел благовремено за себе да обезбеди поволен распоред на силите за престојната голема европска војна. Територијата на Македонија била искористена за тие цели.

---

[36] Христов 1985, 331. Зимата 1912/1913 година, Димитар Чупоски престојувал во Велес и Скопје. Во Велес тој се сретнал со истакнати македонски личности од македонското национално и ослободително движење, како што се Петар Поп Арсов, Јордан Шурков, Алексо Мартулков и други. На овие средби се зборувало за опасноста од поделбата на Македонија и за активностите за да се спречи тоа. За ширење на акцијата во Солун и Битола биле испратени Ризо Ризов и Павел Шатев.

[37] Најдобра поткрепа на оваа констатација била острата реакција на српските власти кога до нив стасале информации за активноста на Димитар Чупоски во Скопје и Велес. Тие забраниле сè што не било во склад со интересите на Кралството Србија. Д. Чупоски бил принуден да ја напушти Македонија.

Велика Британија, Франција и Русија во поделбата на Македонија гледале шанса од привлекување на Бугарија, Грција и Србија кон сопствениот блок. Во однос на Бугарија, на исти позиции се наоѓал и австро-германскиот блок, чија желба била наместо османлиската држава, да се појави голема Бугарија. Меѓутоа, бидејќи зголемувањето на Бугарија би довело до пореметување на рамнотежата на силите, а свесни дека на тоа нема да се согласат членките на Антантата, тие се согласиле на пропоционално зголемување на Србија и Грција.[38] Затоа јасно се гледа дека одлуката на Големите сили: територијата на Македонија да им се отстапи на поделба меѓу сојузниците, претставува политичка одлука.

Сепак, паѓа во очи фактот дека се појавила идејата на Австро-Унгарија за формирање на нов политички ентитет – автономна Македонија, што било наполно во согласност со децениските стремежи и акции на македонското ослободително и револуционерно движење, во чија матица долго време се наоѓала Македонската революционерна организација (1893–1908), како и сите прогресивни организации што произлегле по нејзиното укинување. Од Големите сили, единствено Австро-Унгарија покажала поголем интерес за нејзиниот етнографски состав. Во прилог на ова сведочи разговорот воден помеѓу српскиот претставник во Виена, Јован Јовановиќ Пижон со австроунгарскиот министер за надворешни работи, Бертхолд, во мај 1913 година. Меѓу другото, Ј. Ј. Пижон кажал: „За етнографскиот проблем зборував за тоа што во релноста е присутно, односно, дека во Македонија има Словени, а не чисти Срби и Бугари.“[39] На прашањето на Бертхолд дали се работи за флотантна маса, тој одговорил: „Не, туку маса на која ѝ се придаваат национални белези, а која всушност бара само слобода и безбедност.“[40] Австроунгарскиот министер се интересирал дали може да се создаде автономна Македонија, што се спомнува во текстот на српско-бугарскиот договор за сојуз во 1912 година. Српскиот претставник одговорил дека Македонија може да биде автономна само ако останала во состав на османлиската држава, и дека во Договорот тоа се споменувало само под таква претпоставка, „повеќе формално“, како и дека за тоа во Бугарија „ни тогаш не се мислело сериозно.“ Во новата ситуација „по освојувањето, на тоа не се ни помислувало. Иднината на автономна Македонија би била и за Бугарија многу проблематична.“[41] Интересот на австроунгарската политика за формирање

[38] Донев 1988, 130.
[39] Чубриловић (ed.) 1981, VI/2, док. 423, 493.
[40] Ibidem.
[41] Ibidem.

на една автономна Македонија се согледува и во гледиштето на австроунгарскиот дипломат во Цариград, Палавичини, од 11 јули 1913 година, непосредно пред одржувањето на Букурешката мировна конференција во август, после Втората балканска војна. Втората балканска војна се водела исклучиво за поделба на македонската територија меѓу некогашните сојузнички. Со цел за да ја зачува целоста на Македонија со Солун како главна поморско-трговска излезна порта на Медитеранот, а Битола како главен град, Палавичини предложил на земјата да ѝ се даде автономија. Оваа теза амбасадорот ја бранел со констатацијата дека доколку Србија и Бугарија од Балканските војни излезат ослабени, а Романија би се проширила на југ, „можеби би можело поблиску да ѝ се пристапи на идејата за создавање на една автономна Македонија, која поради автономна Албанија би била поприфатлива."[42] Но, треба да се напомене дека зад ваквиот австроунгарски интерес стоела всушност геостратешката цел на Двојната монархија на Балканот, а не политички алтруизам. Двојноста на политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија ја воочила и британската дипломатија. Имено, во прилог на ова е следното согледување на британската дипломатија кон австроунгарската политика на Балканскиот Полуостров: „Австро-Унгарија постојано се стреми кон Солун. Меѓутоа, не сака да ја достигне таа ветена цел по пат на свое територијално проширување, бидејќи не сака да го зголеми бројот на своите словенски поданици. Во исто време, таа не дозволува да се помисли за формирање на македонска држава, која не би се наоѓала целосно во орбитата на австроунгарската политика. Излез од сите тие тешкотии е најден: да се создаде автономна Албанија."[43] Затоа, Големите сили, предводени од Велика Британија ја поддржале Австро-Унгарија на Лондонската конференција за создавање на автономна албанска држава на Балканот. Меѓутоа, кај сите не постоело расположение за создавање на нова словенска држава – Македонија.

Формирањето на автономна македонска држава која би била под силно австроунгарско влијание би припаѓала кон Тројниот сојуз. Со ова, Србија и Грција, зад кои застанала Антантата, не би имале заедничка граница и Македонија би претставувала забиен клин меѓу нив. Се разбира, ваквата состојба на теренот не би одговарала воопшто на политиката на Антантата. Спрема видувањето на Русија, Франција и Велика Бри-

---

[42] Трајановски (ed.) 2014, док. 94, 264-267.

[43] ДАРСМ, Скопје, ф. PROFO, м. 1680, Писмо од британскиот амбасадор во Софија до Форин офис од 24 јули 1911 година (ст. стил).

танија не било потребно создавање на уште една нова држава – сателит на Австро-Унгарија на Балканот.

На ова се надоврзува и стравот кај Големите сили на Антантата од создавање на автономна Македонија и постоењето на можноста на нејзино идно припојување кон Бугарија. Со тоа Санстефанскиот проект делумно би станал реалност. Во контекст на ова како аргумент се наметнува и австроунгарската агенда: наместо османлиска држава, на Балканот да се појави голема Бугарија. Во историската меморија сѐ уште било свежо соединувањето на Северна Бугарија со Источна Румелија во 1885 година, со што бил прекршен Берлинскиот договор (1878) и желбите на Големите сили. Исто така, не била за занемарување активноста на бугарската дипломатија и пропаганда во Европа во однос на етничкото потекло на поголемиот дел од населението во Македонија и наводната негова тенденција за припојување на Македонија кон Бугарија. И, кога ќе се земе предвид интересот на Велика Британија на Балканот, чијшто приоритет бил поддршката на Грција и создавање на голема грчка, а не словенска држава на Полуостровот, оттука, не треба да чуди и ставот на британската дипломатија којшто бил категорично против создавање на каква било голема словенска држава на Балканот. Затоа, по инсистирање на британската влада и Грција влегла во Балканскиот сојуз. Ваквото мислење на Велика Британија го делела и Франција, која исто така веќе имала навлезено со својот капитал во грчкото стопанство. Интересот на британската дипломатија преовладал и на тој начин бил заштитен експонентот на нејзината геостратешка политика на Балканот: грчката држава. А, идејата за автономна Македонија во случајов станала колатерална штета во дипломатските зделки на Големите сили.

***

Лондонскиот мировен договор (30 мај 1913) претставувал триумф за австроунгарската дипломатија, а пораз за Русија. Со основањето на самостојна албанска држава, поддржана од страна на Големите сили, на никој начин не се создала држава што го вклучила целото албанско население од западниот Балкан. Дури и најголемиот поддржувач на Албанија на Лондонската амбасадорска конференција, Австро-Унгарија, не предлагала вклучување на целата косовска територија во новата држава. Така, со конечното определување на албанските граници во август 1913 година, многу Албанци биле исклучени од новата држава; додека австроунгарскиот предлог за создавање на уште една автономна држава – Македонија, останал второстепен и не поминал кај останатите Големи сили.

# БИБЛИОГРАФИЈА


Војводић, М., "Разграничење Србије и Црне Горе с Албанијом 1912-1913", *Историјски часопис* 26 (1989), pp. 149-162.

Донев, Ј., *Големите сили и Македонија за време на Првата балканска војна: некои меѓународни политичко-правни аспекти на односот на Големите сили кон Македонија за време на Првата балканска војна.* Институт за национална историја, Скопје, 1988.

Државен Архив на Р. С. Македонија (ДАРСМ), Скопје, ф. PROFO (Public Record Office – Foreign Office, London) mf. 1680; mf. 2131.

Ђорђевић, Д., *Излазак Србије на Јадранско Море и конференција амбасадора у Лондону 1912*. Београд 1956.

Мазовер, М., *Балканот - кратка историја.* Евро Балкан пресс, Скопје, 2003.

Митрова, М., "Мирцштешките реформи од 1903 година: подготовка за поделба на османлиска Македонија и создавање на албанската држава", *Зборник на трудови на Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола* 16 (2012), pp. 115-126.

Mitrović, A., *Prodor na Balkan i Srbija 1908-1918*, Nolit, Beograd 1981.

Пандевска, М., "МРО и терминот Македонец/ци како ознака за надлокален и натцрковен идентитет", In Чепреганов, Т. et al (eds.), *Македонскиот идентитет низ историјата: материјали од меѓународниот научен собир одржан по повод 60 години од основањето на Институтот за национална историја, Скопје 10-12 октомври 2008,* Институт за национална историја, Скопје, 2010, pp. 129-148.

Растовић, А., *Велика Британија и Србија 1903-1914*, Историјски институт, Београд 2005.

Ристовски, Б., *Димитрија Чуповски (1878-1940) и македонското научно-литературно другарство во Петроград: прилог кон проучувањето на македонско-руските врски и развитокот на македонската национална мисла.* Култура, Скопје, 1978.

Самарџић, Р. (ed.), *Документи о спољној политици краљевине Србије 1903-1914, књ. V, св. 3.* Српска академија наука и уметности. Одељење историјских наука, Београд, 1986.

Станковић, Ђ. Ђ., *Никола Пашић и југословенско питање,* 1, БИГЗ, Београд, 1985.

Трајановски, А. (ed.), *Македонија во австриските документи (1910-1913).* Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2014.

Трухунов, Г. М., "Германская политика провокации в начале Первой балканской войны", *Учен. записки* 10 (1950), pp. 115-155.

Хол, К. Р., *Балканските војни 1912-1913: вовед во Првата светска војна.* Арс Студио, Скопје 2014.

Христов, А., Донев, Ј. (eds.), *Македонија во меѓународните договори 1875-1919.* Архив на Македонија-Матица Македонска, Скопје, 1994.

Христов, А., *Создавање на македонската држава 1878-1978. т. 1. Националноослободителното движење и барање облици за конституирање на Македонија како национална држава.* Мисла, Скопје, 1985.

Чубриловић, В. (ed.), *Документи о спољној политици краљевине Србије 1903-1914, књ. VI, св. 1.* Српска академија наука и уметности. Одељење историјских наука, Београд, 1981.

Чубриловић, В. (ed.), *Документи о спољној политици краљевине Србије 1903-1914, књ. VI, св. 2*. Српска академија наука и уметности. Одељење историјских наука, Београд, 1981.
Штепан, Х-Л., *Македонскиот јазол: идентитетот на Македонците прикажан на примерот на Балканскиот сојуз (1878-1914)*. Аз-Буки, Скопје, 2004.

Makedonka MITROVA
Institute of National History, Skopje

## A NOTE ON THE AUSTRO-HUNGARIAN DIPLOMACY AT THE AMBASSADORIAL CONFERENCE IN LONDON

(summary)

The Austro-Hungarian government, through its diplomatic representatives at the London Conference, advocated for the creation of a new political state, i.e. an Albanian state in the Balkans. The main argument of the Austro-Hungarian diplomacy for the establishment of the state was the ethnic principle. At the ambassadorial conference in London, the Austro-Hungarian representatives presented two solutions for the borders of the future Albanian state. At the same time, Austro-Hungary was the only one of the Great Powers that raised the issue of the ethnic composition of the population in Ottoman Macedonia and the idea of forming another new political entity in the Balkans – autonomous Macedonia.